Дневни сценарија по музичко образование 3 одделение Јануари

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и дата на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Музички игри (пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и други популарни танци во дводелен, троделен и нерамноделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет). | Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш, валцер, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија и од други народи во светот, елементи на балет). | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Наставникот на табла го запишува поимот „Танцување“, а учениците преку „Бура на идеи“ кажуваат искази поврзани поврзани со напишаниот поим. (исказите на учениците се запишуваат)<br>Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците се запознаваат со кореографските нумери „Танцот на малите лебеди“ и „Кинескиот танц“. По запознавањето со нумерите учениците се поттикнуваат да се движат на музиката, имитирајќи ги танчарите или правејќи свои движења како балетани/балерини.<br>https://www.youtube.com/watch?v=rDdcw_p3eJg Чајковски: Лебедово езеро - Танцот на малите лебеди<br>https://www.youtube.com/watch?v=nKYyZGtQaok Чајковски: Оревокршачка - Кинески танц (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Учениците ликовно се изразуват по слушаната музика. (10 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Како се чувствувате? Дали со своите движења го следевте карактерот на музиката? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер со пристап до интернет, звучници, ЛЦД-проектор);<br>блок<br>прибор за боење<br>прибор за пишување | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |

**Лебедово езеро**
**(Прилог за наставникот)**

Злобниот волшебник ја претворил убавата девојка Одета во лебедица бидејќи не сакала да се омажи за него. Принцот Зигфрид ја запознава прекрасната лебедица, во која е претворена Одета, и таа му кажува што ѝ се случило и дека само љубовта може да ја отстрани магијата фрлена врз неа. Принцот ѝ се колне дека ја сака и ѝ ветува дека ќе ја одмазди. Но, злобниот волшебник ја испраќа на балот кај Зигфрид Одилија, мрачната двојничка на Одета.

Принцот не ја забележува местенката и ја претставува Одилија како своја невеста и со самото тоа го прекршува ветувањето. Врз замокот се спушта мрак и тој сфаќа дека е измамен, брза кон езерото, таму се бори против стихиите што ги праќа волшебникот и конечно ја ослободува Одета од лошата магија.

Снежана Тренчева

resursi.literatura.mk

**Оревокршачка**
**(Прилог за наставникот)**

Балетот „*Оревокршачка*“ е напишан според приказната **Крцко Оревче и кралот на глувците** од збирката приказни Браќата на Серапион на Хофман.

Малечката Марија од својот вујко за Божиќ добива кршачка за ореви наречена Крцко Оревче. Нејзиниот палав брат ја крши куклата и Марија внимателно ја превиткува и ја става во креветчето за кукли.

Во тивката Божиќна ноќ сите спијат. Марија станува да го види болниот Крцко. Загрижена бдее над неговата постела. Одеднаш се случува нешто чудно. Од сите страни доаѓаат војници глувци, кои меѓусебно војуваат. Тие го напаѓаат и Крцко, кој во еден миг се претвора во убав млад принц. Тој ја зема Марија за рака и ја води во маѓепсаниот замок каде владее неговата пријателка самовила.

Таа ги повикува другите самовили и во нивна чест приредува раскошна прослава. Танцуваат самовилите но и цвеќињата. Марија и Крцко уживаат во звуците на танци на различни народи: руси, арапи и кинези.

Волшебните звуци ги прекинува ѕвонењето на будилникот и Марија сфаќа дека се било само сон.



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови музика (класична музика, музика за деца, музика од анимиран филм, народна музика, композитор) | Идентификува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/слушнала. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Учениците следат кратки аудиоисечоци од различни видови музика вклучително и делата што се слушале во претходните одделенија (класична, народна, музика од анимирани филмови, музика за деца). Кои видови на музика ги слушавте? Учениците ги набројуваат видовите на музика и дискутираат за нивните изразни средства, намена, емоции и карактер. Учениците се запонаваат со целата. (10 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Наставникот презентира музички дела од различни видови музика (класична, народна, музика од анимирани филмови, музика за деца).<br>Класична мујзика: https://youtu.be/8gjNhJ7l7Mk Сен-Санс: Кенгур - отсечно<br>Народна музика: https://youtu.be/Fg0Z8lOyYk4 Не стој Доне Донке - детски хор „Македонски ѕвончиња“ и група „Калабалак“<br>Музика од анимирани филмови: https://www.youtube.com/watch?v=mzABW42AIhM Кралот лав – Хакуна матата<br>Музика за деца: https://www.youtube.com/watch? v=OxJLBq2R44s Оро без граници, детски хор „Гласот на децата на Скопје“<br>Учениците, поделени во групи, изработуваат „Музички споменар“ за композициите кои ги слушале, вклучително и делата што се слушале во претходните одделенија. Секој ученик придонесува за реализација на заедничката задача на групата. (20 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Секоја група го презентира својот „Музички споменар“ пред соучениците. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивме? Како се чувствувавме? Која | уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (компјутер квалитетни звучници, ЛЦД-проектор)<br>прибор за пишување, боење<br>хартија во боја | - усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;<br>- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);<br>- практичната изведба во група. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | е вашата омилена музика? ... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk